Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за збратимување на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Македонија, со Општина Улцин, Република Црна Гора**

Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Македонија, со Општина Улцин, Република Црна Гора, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/1**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статут на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата седница одржана на ден 24.09.2010 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**за збратимување на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Македонија, со Општина Улцин,Република Црна Гора**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува Збратимувањето на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Македонија со Општина Улцин, Република Црна Гора.

**Член 2**

Збратимувањето е официјален свечен чин на меѓународната соработка во развојот на двете Општини.

Меѓународната соработка вклучува соработка на повеќе различни нивоа на двете локални самоуправи, во правец на размена на мислења, идеи и искуства преку билатерални посети, контакти и најразлични културни, спортски и други манифестации.

**Член 3**

Збратимувањето ќе биде потврдено со потпишување на протокол за соработка од двете страни.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2657/3**
**од 24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за соинвеститерство за изградба на административно деловен објект на урбанистичка Парцела број 2.2.4 од ДУП "Реонски центар - Ѓорче Петров" Скопје**

Се објавува Одлуката за соинвеститерство за изградба на административно деловен објект на урбанистичка Парцела број 2.2.4 од ДУП "Реонски центар - Ѓорче Петров" Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/2**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 114 и член 116 од Законот за сопственост и други стварни права (Сл.Весник на Р.М.бр.18/2001), член 13 од Законот за градење (Сл.Весник на Р.М. бр.130/2009), член 62 став 1 и член 64 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2005) и член 16 точка 10 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата Седница одржана на ден 24.09.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За соинвеститерство за изградба на административно деловен објект на урбанистичка Парцела број 2.2.4 од ДУП *Реонски центар-Ѓорче Петров*Скопје**

**Член 1**

Општина Ѓорче Петров може да отпочне постапка за склучување на Договор за соинвеститорство за изградба на административно - деловен објект на градежно земјиште дефинирано со урбанистичката парцела број 2.2.4 во "ДУП Реонски Центар Ѓорче Петров "Скопје.

**Член 2**

Општина Ѓорче Петров може да склучи Договор за соинвеститорство и главен Договор за изградба на административно-деловен објект на парцелата опишана во член 1 од оваа Одлука, според следните услови:

Соинвеститорот е должен да ги обезбеди следниве услови:

- да обезбеди финансиски средства и гаранција за изградба на објектот по принципот "Клуч на рака " согласно усвоениот и одобрен Основен Проект од страна на Општината и да го подмири надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 60% (давачка према Град Скопје) ;

- на Општината да и остапи во сопственост 6.000м$^2$ бруто развиена површина и четириесет паркинг места во подземниот паркинг процтор;

- да ги сноси сите трошоци за изработката на комплетната техничка документација со сите потребни фази и ревизии, потребна за градба и издавање на Одобрение за градба како и употребна дозвола, а се во согласност на важечката законска регулатива во Република Македонија;

- на свој трошок да ги дислоцира постоечките подземни и надземни инсталации (Водовод, атмосферска и фекална канализација, електрика , телефонија и др. ) согласно важечката законска регулативе;

- да ги сноси сите трошоци за приклучоци на објектот (Водовод, електрика, канализација, греење , телефонија и др. ).

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров е согласна да ги обезбеди следните услови:

- да обезбеди градежно земјиште дефинирано со урбанистичката парцела бр. 2.4.4 од ДУП Реонски Центар Ѓорче Петров;

- да изработи Локална Урбанистичка Планска докуменатција за предметната парцела со најмалце 14.000 $м^2$ бруто развиена површина (сметано без подземен паркинг) на градбата;

- да ги острани постоечките објекти на урбанистичката парцела и локацијата ја предаде на Соинветситорот потполно слободна за градба во моментот на потпишување на главниот Договор;

- да ја изгради Новопроектираната улица која граничи со урбанистичката парцела со што ќе се ослободи дел од градежното земјите кое припаѓа на урбанистичката парцела;

- да го ослободи Соинвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од 40 % ( дел за Општината);

- да го ослободи Соинвеститорот од трошоци за такси пропишани со важечка легислатива во целокупната постапка за издавање на Одобрение за градба;

- да соработува со проектантите и Соинветситорот со цел прецизно и точно да се испроектира и инкорпорираат во документацијата потребите и технички решенија на делот од градбата што ќе припадне на Општината;

**Член 4**

Општината и Соинвеститорот се согласни да ги превземаат следните заеднички права и обврски:

- да склучат "Договор за соинвеститорство" со кој попрецизно ќе се дефинираат правата и обврските на двете страни;

- Договорот за Соинвеститорство да се склучи по изработката на Идејниот Проект, а истиот да овозможи попрецизни податоци и елементи кои ќе бидат потребни за склучување на Договорот;

- Општината и Соинвеститорот да склучат " Главен Договор за Соинвеститорство " по изработка и Ревизија на комплетниот Основен Проект кој ќе послужи за издавање на Одобрени за градба и за прецизно дефинирање на сопственичките делови од градбата на двете договорни странки , а воедно ќе биде основ за добивање Имотни Листови по завршување на градбата , техничкиот прием и издавање на Употребна дозвола;

- Општината и Соинветситорот да ги обезбедат сите потребни документи, потврди и сл., дефинирани со Договорот. Сите документи да се обезбедат пред потпишувањето на главниот Договор;

- Одобрението за градба да биде на име на Општината и Соинвеститорот;

- Одобрението за градба да биде издадено во рок од најмногу осум месеци, сметано од денот на потпешување на Преддоговор, а Соинвеститорот градбата да ја заврши во рок од дваесет и четри месеци по добивање на правосилното Одобрение за градба.

**Член 5**

Се овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров во име на Општината да води преговори и потпише Преддоговор, Договор за соинвеститорство и Главен договор за издрадба на административно-деловен објект, како и други правни дела во врска со постапката за издавање на одобрение за градба и упис на објектот во катастарот на недвижности.

Сите видови на Преддоговори, Договори и другите правни дела за изградба на административно-деловниот објект и упис на истиот во катастарска евиденција на недвижности, за кои Градоначалникот е овластен да преговара и ги потпишува со идниот соинвеститорот, претходно треба да бидат разгледани и одобрени од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 6**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2657/4**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот вон плански опфат за КП 787/5 КО Волково, Ѓорче Петров, (производство на сувоместнати производи)**

Се објавува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот вон плански опфат за КП 787/5 КО Волково, Ѓорче Петров, (производство на сувомеснати производи), што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/3**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 17 став 4 и член 50а од Законот за просторно и урбано планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07 и 91/09) и Предлогот за одобрување на локална урбанистичка документација бр. 20-49/5 од 02.09.2010 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата седница одржана на ден 24.09.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот вон плански опфат КП 787/5 КО Волково, Ѓорче Петров, со намена лесна незагадувачка индустрија (производство на сувомесни производи)**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја одобрува Локалната урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот вон плански опфат КП 787/5 КО Волково, Општина Ѓорче Петров, со големина на плански опфат од 905 м2 и површина на парцела 698м2.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација ги опфаќа следните граници на опфат:

- север: граница со КП 787
- исток: граница на КП 787/5 со источен сосед
- југ: осовина на улица 51
- запад: осовина на пристапен пат

**Член 3**

Основната класа на намена на локалната урбанистичка планска документација е Г2- лесна незагадувачка индустрија.

Компатибилни класи на намена : Г3, Г4, Б1, Б2 и Д2.

**Член 4**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од Друштво за производство, услуги и промет БИЛД-Скопје, со технички број 142/10 и лиценца за изработување на урбанистички планови број 0014.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во *Службен Гласник* на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-2657/5**
**од 24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.4.1. од ДУП за дел од УЗ Даме Груев-УБ2 Ѓорче Петров)**

Се објавува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.4.1. од ДУП за дел од УЗ Даме Груев-УБ2 Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/4**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 17 став 4 и член 50а од Законот за просторно и урбано планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07 и 91/09) и Предлогот за одобрување на локална урбанистичка документација бр. 20-46/5 од 10.09.2010 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата седница одржана на ден 24.09.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.4.1. од ДУП за дел од УЗ Даме Груев-УБ2 Ѓорче Петров**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја одобрува Локалната урбанистичка планска документација за ГП 5.4.1. од ДУП за дел од УЗ Даме Груев-УБ2 Ѓорче Петров, со големина на плански опфат 0,02ха и површина на парцела 200,00м2.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација ги опфаќа следните граници на опфат:

- североисток: по граница на ГП 5.4.2.
- северозапад: по граница на ГП 5.3
- југозапад: по граница на ГП 5.17
- југоисток: осовина на пристапна уличка

**Член 3**

Основната класа на намена на локалната урбанистичка планска документација е А1-домување во станбени куќи.

**Член 4**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од АД *ЗУАС*-Скопје, со технички број 2269/2010 и лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 0003/08.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во *Службен Гласник* на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-2657/6**
**Од 24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 2.27 од ДУП за дел од УЗ Ѓорче Петров-37**

Се објавува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 2.27 од ДУП за дел од УЗ Ѓорче Петров-37, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/5**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 17 став 4 и член 50а од Законот за просторно и урбано планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07 и 91/09) и Предлогот за одобрување на локална урбанистичка документација бр. 20-195/7 од 25.08.2010 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата седница одржана на ден 24.09.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 2.27 од ДУП за дел од МЗ Ѓорче Петров- 37**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја одобрува Локалната урбанистичка планска документација за ГП 2.27, од ДУП за МЗ Ѓорче Петров-37, со големина на плански опфат 332м2 и површина на парцела 288м2.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација ги опфаќа следните граници на опфат:

- Исток: по граница на ГП 2.28
- Север: по граница на ГП 2.4.
- Југ: осовина на пристапна ул.Знеполе
- Запад: по граница на ГП 2.2/1

**Член 3**

Основната класа на намена на локалната урбанистичка планска документација е А1-домување во станбени куќи.

**Член 4**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од АД *ЗУАС*-Скопје, со технички број 2230/2010 и лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 0003/08.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во *Службен Гласник* на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-2657/7**
**Од 24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 2.2.4 од ДУП Реонски Центар, Општина Ѓорче Петров, со намена администрација (локална самоуправа)**

Се објавува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 2.2.4 од ДУП Реонски Центар, Општина Ѓорче Петров, со намена администрација (локална самоуправа), заради имплементирање на законските измени, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/6**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 17 став 4 и член 50а од Законот за просторно и урбано планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07 и 91/09) и Предлогот за одобрување на локална урбанистичка документација бр. 20-336/8 од 06.09.2010 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата седница одржана на ден 24.09.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на локалната урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 2.2.4 од ДУП Реонски центар-Ѓорче Петров со намена администрација заради имплементирање на законски измени**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ја одобрува Локалната урбанистичка планска документација за **2.2.4**, од ДУП Реонски центар - Ѓорче Петров, со намена администрација (локална самоуправа), заради имплементирање на законските измени, со големина на плански опфат 8152м2 и граници на плански опфат според ДУП.

**Член 2**

Локалната урбанистичка планска документација ги опфаќа следните граници на опфат:

- граници на плански опфат според ДУП.

**Член 3**

Основната класа на намена на локалната урбанистичка планска документација В4 и Б4 (локална самоуправа и деловни простории), компатибилни класи на намена Б1, Б2, Б3 и В3 мало комерцијални и деловни намени, големи трговски единици, големи угостителски единици и култура).

**Член 4**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од АД *ЗУАС*-Скопје, со технички број 2254/10 и лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 0018/09.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во *Службен Гласник* на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-2657/8**
**Од 24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот вон плански опфат за КП 2895 и КП 2896 КО Кучково, Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот вон плански опфат за КП 2895 и КП 2896 КО Кучково, Ѓорче Петров со намена туризам, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/7**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина IЃорче Петровв (IСлужбен гласник на Град Скопјев бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (IСлужбен весник на Р.Македонијав број 51/05,137/07 и 91/09 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата седница одржана на 24.09.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот вон плански опфат за КП 2896/2 и КП 2895/2 КО Кучково, Ѓорче Петров, со класа на намена Б1за изградба на туристички комплекс (викенд објект со придружни содржини)**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот вон плански опфат за КП 2896/2 и КП 2895/2 , КО Кучково, Ѓорче Петров, со намена Б1 (туризам).

**Ч л е н 2**

До просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, а претставува КП 2896/2 и КП 2895/2 , КО Кучково, Ѓорче Петров, вон плански опфат, постои изградена секундарна сообраќајна инфраструктура.

**Ч л е н 3**

Параметрите за градење (површина за градење и максимална висина на градба) ќе се определат според стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

**Ч л е н 4**

Составен дел на оваа одлука е Решението за услови за планирање на просторот со графички прилог - снимка од Просторен План на Р. Македонија со местоположба на КП 2896/2 и КП 2895/2, КО Кучково.

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2657/9**
**Од 24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.12 од ДУП за дел од МЗ Мирче Ацев (38), Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.12 од ДУП за дел од МЗ Мирче Ацев (38), Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/8**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Град Скопје бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (ІСлужбен весник на Р.Македонијав број 51/05,137/07 и 91/09 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата седница одржана на 24.09.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.12 од ДУП за дел од МЗ Мирче Ацев (38) со намена домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.12, од ДУП за МЗ Мирче Ацев (38), со намена домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, претставува оформена градежна парцела со намена домување во станбени куќи, на која треба да се усогласат параметрите за градење.

**Ч л е н 3**

Параметрите за градење (површина за градење и максимална висина на градба) ќе се усогласат според важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

**Ч л е н 4**

Составен дел на оваа Одлука е графички прилог- извод од ГУП на град Скопје, извод од ДУП за МЗ Мирче Ацев (38) за ГП 5.12 и образложение.

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2657/10**
**Од 24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.13 од ДУП за дел од МЗ Мирче Ацев (38), Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.13 од ДУП за дел од МЗ Мирче Ацев (38), Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/9**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Град Скопје бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.Македонија број 51/05,137/07 и 91/09 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата седница одржана на 24.09.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.13 од ДУП за дел од МЗ Мирче Ацев (38) со намена домување, заради усогласување на параметрите за градење**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 5.13, од ДУП за МЗ Мирче Ацев (38), со намена домување, заради усогласување на параметрите за градење.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, претставува оформена градежна парцела со намена домување во станбени куќи, на која треба да се усогласат параметрите за градење.

**Ч л е н 3**

Параметрите за градење (површина за градење и максимална висина на градба) ќе се усогласат според важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

**Ч л е н 4**

Составен дел на оваа Одлука е графички прилог- извод од ГУП на град Скопје, извод од ДУП за МЗ Мирче Ацев (38) за ГП 5.13 и образложение.

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2657/11**
**Од 24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на Детска градинка *Росица* за периодот 2009/2010 година - Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работата на Детска градинка *Росица* за периодот 2009/2010 година - Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/10**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата Седница одржана на ден 24.09.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на Детската градинка *Росица* за периодот 2009/2010 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работата на Детската градинка *Росица* за периодот 2009/2010 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2657/12**
**24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за усвојување на Годишна Програма за работата на ЈОУДГ *Росица* за период од 2010/2011 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишната Програма за работата на ЈОУДГ *Росица* за период од 2010/2011 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/11**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата Седница одржана на ден 24.09.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишна Програма за работата на ЈОУДГ *Росица* за период од 2010/2011 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишната Програма за работа на ЈОУДГ *Росица*за период од 2010/2011 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2657/13**
**24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот и на Пречистениот текст на Статутот на ЈОУДГ *Росица* , Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот и на Пречистениот текст на Статутот на ЈОУДГ *Росица* , Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/12**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за Заштита на децата (Службен Весник на Р.М. број 98/2000, 17/03, 65/04 и 113/05), а согласно Одлуката за пренесување на основачките права над постојните јавни установи за деца-детски градинки на Општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите (Службен Весник на Р.М. број 51/05) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата Седница на Совет, одржана на ден 24.09.2010 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот и на Пречистениот текст на Статутот на ЈОУДГ *Росица* , Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот бр.02-159/3 од 31.08.2010 година и на Пречистениот текст на Статутот на ЈОУДГ *Росица* Ѓорче Петров-Скопје бр.01-159/5 од 31.08.2010 година, донесени од страна на УО на ЈОУДГ *Росица* Ѓорче Петров-Скопје, на седницата одржана на 31.08.2010 година.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2657/14**
**Од 24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишни извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, за учебната 2009/2010 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишните извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, за учебната 2009/2010 година и тоа :

Годишен извештај за работата на О.У. Ѓорче Петров за учебната 2009/2010 година, Годишен извештај за работата на О.У. Мирче Ацев за учебната 2009/2010 година, Годишен извештај за работата на О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски за учебната 2009/2010 година, Годишен извештај за работата на О.У. Страшо Пинџур за учебната 2009/2010 година, Годишен извештај за работата на О.У. Тихомир Милошевски за учебната 2009/2010 година, Годишен извештај за работата на О.У. Јоаким Крчовски за учебната 2009/2010 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/13**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата седница одржана на ден 24.09.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишни извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, во учебната 2009/2010 година;**

**Член 1**

Се усвојуваат Годишните извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, во учебната 2009/2010 година и тоа :

- Годишен извештај за работата на О.У. Ѓорче Петров за учебната 2009/2010 година,
- Годишен извештај за работата на О.У. Мирче Ацев за учебната 2009/2010 година,
- Годишен извештај за работата на О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски за учебната 2009/2010 година,
- Годишен извештај за работата на О.У. Страшо Пинџур за учебната 2009/2010 година,
- Годишен извештај за работата на О.У. Тихомир Милошевски за учебната 2009/2010 година,
- Годишен извештај за работата на О.У. Јоаким Крчовски за учебната 2009/2010 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 2657/15**
**24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за усвојување на Годишни Програми за работата на Основните училишта за учебната 2010/2011 година во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишните Програми за работа на Основните училишта за учебната 2010/2011 година во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 24.09.2010 година.

**Број 08-2758/14**
**од 24.09.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 29-тата Седница одржана на ден 24.09.2010 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишните Програми за работа во учебната 2010/2011 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се усвојуваат Годишните Програми за работа во учебната 2010/2011 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров и тоа :
- Годишна Програма за работата на О.У. Ѓорче Петров за учебната 2010/2011 година,
- Годишна Програма за работата на О.У.Мирче Ацев за учебната 2010/2011 година,
- Годишна Програма за работата на О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски за учебната 2010/2011 година,
- Годишна Програма за работата на О.У. Страшо Пинџур за учебната 2010/2011 година,
- Годишна Програма за работата на О.У. Тихомир Милошевски за учебната 2010/2011 година,
- Годишна Програма за работата на О.У. Јоаким Крчоски за учебната 2010/2011 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 22657/16**
**24.09.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**